Машински факултет
Број 02-537/7
2.04.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 86 став 1 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во согласност со член 3 став 1 од Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" број 76/2020), на предлог од Продеканот за наставна дејност, Деканатската управа на Факултетот на 44-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 2 април 2020 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за начинот на издавање и заверка на документацијата за пријава и одбрана на дипломски работи

1. Со оваа одлука се уредува начинот на издавање и заверка на документацијата за пријава и одбрана на дипломските работи на Машински факултет во Скопје за време на траењето на вонредната состојба и на другите мерки преземени од државните органи заради заштита и справување со последиците од ширењето на коронавирусот Covid-19.

2. Предметниот наставник или менторот е должен да го следи процесот на пријава и одбрана на дипломската работа кој се спроведува преку средствата за електронска комуникација по пат на електронска пошта.

3. Менторот процесот на пријавување на дипломската работа го остварува во комуникација со студентската служба, студентот, членовите на потенцијалната комисија и раководителот на соодветниот Институт.

4. Обврската на менторот настапува кога ќе ја добие финална верзија на дипломската работа од студентот и скенирано уверението за положени испити кое со потпис и печат го заверува Студентската служба.

Менторот скенираното уверение, заедно со пополнетата пријава на темата на дипломската работа со предлогот за трочлена комисија за одбрана, по e-mail ја доставува до раководителот на Институтот на потврда.

Раководителот потврдата ја дава по e-mail со изјава дека документот ќе го потпише штом се создадат услови и го враќа на менторот, кој го препраќа до Продеканот за настава, за добивање согласност за изготвување решение за одбрана на дипломската работа.

Согласноста на Продеканот, со изјавата дека ќе го потпише документот штом се создадат услови менторот ги доставува на e-mail на Студентската служба.

Студентската служба решението, по неговата изработка и заверка електронски го испраќа до членовите на комисијата и прикачено на целата претходна комуникација го доставува до менторот.

5. По завршување на процедурата на пријава менторот во договор со студентот и комисијата го определува терминот за одбрана на дипломската работа.

Одбраната се врши преку видеоконференциската платформа Microsoft Teams.

Записникот од одбраната со соодветната оценка, по електронски пат со изјавите за потврда на одбраната и оценката од сите членови на комисијата се доставува до Студентската служба за заверка и евиденнција.

6. Студентската служба е должна да ги чува сите документи и електронската преписка од процедурата за пријава и одбрана на дипломска работа и има обврска да го обезбеди потпишувањето на сите документи штом се создадат услови за тоа.

7. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: наставниците, студентска служба, деканатска управа и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан
Проф. д-р Дарко Данев, с.р.